РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

**Предмет:** Мислење

До Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесено барање за мислење, во однос на тоа дали постои законска забрана Директор на Меѓуопштински Центар за социјална работа при Министерство за труд и социјална работа да биде и член на Совет на Општина.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издава следново:

**М И С Л Е Њ Е**

Согласно член 44 став 2 и став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Директор на Меѓуопштински Центар за социјална работа при Министерство за труд и социјална работа, **како одговорно лице на јавна установа** не може да биде и член на Совет на Општина, **избран** од граѓаните на Република Северна Македонија.

Имено согласно 44 став 2 и став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

*(2) Функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата на Република Македонија, министер, пратеник, член на совет, градоначалник, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител и други функции кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија или органите на локалната самоуправа се неспојливи една со друга.*

*(4)* ***Избрано*** *или именувано лице не може истовремено да врши функција на* ***одговорно лице*** *или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие****,*** ***јавна установа*** *или друго правно лице кое располага со државен капитал.*

Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk